**Градоначалник**

Врз основа на член 69 од Законот за животна средина („службен весник ма Република Македонија“ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 47/10, 51/11, 123/12, 93/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, и 39/2016) и Уредбата за учество на јавноста во текот на изработка на прописи и други акти, како и планови и програми од областа на животната средина („Службен весник на Република Македонија бр.147/08 и 45/11), Локалната самоуправа на општина Битола организира:

**ЈАВНА ПРЕЗЕНТАЦИЈА**

**По Нацрт Извештајот за стратегиска оцена на животната средина од реализација на Локалната Урбанистичка Планска Документација за изградба на комплекс за намена Б2 – големи трговски единици на КП бр. 37/1 м.в. Винарски пат, КО Битола 5 Општина Битола.**

Се известува засегнатата јавност дека во рамките на Програма за изработка на урбанистички планови во Општината Битола во 2016, Локалната самоуправа на општина Битола подготви Локална Урбанистичка Планска Документација за изградба на комплекс за намена Б2 – големи трговски единици на КП бр. 37/1 м.в. Винарски пат, КО Битола 5 и Нацрт Извештај за стратегиска оцена за животна средина од реализација на истата.

Подготвените **Нацрт Извештај за стратегиска оцена на животната средина и Локалната Урбанистичка Планска Документација** се достапни на веб страната на општина Битола (**www.bitola.gov.mk**) како и во просториите на општина Битола во соба бр 17.

Во согласност со законските барања, а со цел да се постигне поголема транспарентност и вклученост на јавноста, Градоначалникот на општина Битола организира јавна расправа по Нацрт Извештајот за стратегиска оцена на животната средина на ден **06.07.2016 год. (среда)со почеток во 10 часот во салата на Советот на Општина Битола на ул.Бул.1ви Мај бр.61 во Битола.**

Со почит

Бр. 08-826/1-2016

Битола 28.06.2016

**Градоначалник на општина Битола**

---------------------------------------------

**Д-р Владимир Талески**